АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-8411
10 12 2024 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ОСИГУРИТЕЛНИТЕ БРОКЕРСКИ ДРУШТВА**

**Предмет: Укажување за доследна примена на Законот за супервизија на осигурување во делот на вршење осигурително брокерски работи од страна на осигурителните брокерски друштва**

Почитувани,

Во рамки на надлежностите на Агенцијата за супервизија на осигурување кои се однесуваат на детектирање и намалување односно отстранување на слабостите на осигурителниот систем/пазар кои влијаат врз правата на осигурениците и останатите корисници на осигурување, Агенцијата констатираше слабости, пропусти и несоодветни деловни практики во извршување во осигурително брокерските работи од страна на одредени осигурително брокерски друштва кои сериозно влијаат на довербата на осигурениците во осигурителните производи и осигурителните покритија кои ги нудат друштвата за осигурување. Воедно се констатирани и деловни односи помеѓу осигурително брокерските друштва и друштвата за осигурување кои претставуваат сериозен судир на интереси кој влијае врз обврските и должностите на осигурителните брокери да се грижат за заштита на правата и интересите на нивните клиенти/осигуреници.

Со цел промовирање на етичко однесување во согласност со добрите деловни практики и деловна етика, зајакнување на професионалните и меѓусебните односи со клиентите, градење на однос на доверба и подигнување на општото ниво на деловна и колегијална соработка, задолжително почитувајќи ги економските принципи на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување им укажува на осигурителните брокерски друштва на доследна и целосна примена на следните деловни практики во согласност со Законот за супервизија на осигурување:

## I. Практики во односите со клиенти/осигуреници

Осигурителните брокерски друштва се должни:

1. односите со своите клиенти да ги регулираат со писмен документ – <u>ОВЛАСТУВАЊЕ/ПОЛНОМОШНО</u> од клиентот (налогодавец) за вршење осигурително брокерски работи во кој ќе ги утврдат сите права и обврски на двете договорни страни согласно закон;
2. во односите со своите клиенти да постапуваат чесно, совесно и со должно внимание а особено да обезбедат и да се осигураат дека нивниот клиент ги разбира односите со осигурителниот брокер и во чиј интерес брокерот работи;
3. да го информираат клиентот за сите правни и економски односи што ги имаат со одредено друштво за осигурување кои може да влијаат на објективноста на осигурителниот брокер а

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

особено за оние одредби од договорите за вршење осигурително брокерски работи склучени со одредено друштво за осигурување врз основа на кои осигурителниот брокер има право на посебна или повисока провизија за одделна класа на осигурување и за одделно друштво за осигурување како и за износот на провизијата која ја наплаќаат од друштвата за осигурување по склучените договори за вршење осигурително брокерски работи.

Информирањето на клиентот согласно точката I.3, **во однос на сите класи на осигурување**, треба да биде на **стандардизиран документ, на хартија или друг постојан медиум, на кој задолжително клиентот со свој потпис или на друг начин (електронска потврда) ќе потврди дека во целост е запознаен со презентираните податоци од страна на брокерот.** Ваквиот документ треба да биде краток и напишан на јасен и разбирлив начин, да биде точен и да не доведува во заблуда како и да содржи изјава на клиентот за негово разбирање на презентираните податоци од страна на брокерот.

Овој документ задолжително треба да содржи податок за:

1) висината на **провизијата која брокерското друштво ја наплаќа од друштвото за осигурување кое е предлог на брокерот или кое го избора клиентот** како и
2) висината на **провизијата која брокерското друштво ја наплаќа од секое друштво со кое има склучено договор за вршење осигурително брокерски работи поединечно**, при што ќе се смета дека брокерот го известил клиентот за провизијата од сите друштва за осигурување доколку на стандардизираниот документ јасно му посочи на клиентот линк до интернет страница на брокерското друштво преку кој клиентот може да се информира за износот на провизијата која ја наплаќа од секое друштво за осигурување поединечно.

## II. Практики во односите со друштвата за осигурување

Во односите со друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва се должни:

1. со должно внимание, на друштвото за осигурување да му ги презентираат сите факти и околности поврзани со ризиците, спецификите и потребите на нивниот клиент со цел адекватна проценка на ризиците и утврдување на најсоодветно осигурително покритие;
2. да избегнуваат каков било судир на интереси, особено договарање на и влегување во какви било финансиски, правни или други деловни односи со друштва за осигурување или останати правни субјекти кои на каков било начин може да фаворизираат одредено друштво за осигурување или да влијаат на нивната објективност и независност во односите со нивните клиенти.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Како деловни односи кои претставуваат судир на интереси во односите со друштвата за осигурување, особено се подразбираат:

1) договарање и добивање на заеми, позајмици, аванси и останати финансиски или нефинансиски (непарични) користи или бенефиции (освен провизија за извршени работи на посредување во осигурување со која брокерот се стекнува по влегување во сила на договорите за осигурување за кои посредувал);
2) договарање и добивање на бонуси, наградни провизии и останати провизии и надоместоци кои зависат од остварени перформанси на брокерот (пр. продадени полиси, наплатена премија и сл);
3) договарање на ексклузивитет во посредувањето за одреден производ и/или одредено друштво за осигурување;
4) вршење работи на прием на отштетни побарувања, извид, проценка и останати активности поврзани со обработка на отштетни побарувања за друштвата за осигурување (со или без писмено овластување од друштвата). Напоменуваме дека согласно Законот за супервизија на осигурување активностите на брокерот се ограничени на укажување на помош на осигуреникот во навремено и целосно остварување на неговите права кои произлегуваат од склучениот договор за осигурување со друштвото за осигурување а особено помош и советување во однос на начинот и роковите за пријавување на штета и потребната документација која согласно процедурите на друштвото за осигурување е потребна за пријавување на штетата во друштвото;
5) рекламирање и промоција на одредени друштва за осигурување или останати со нив поврзани лица.

## III. Практики во вршењето осигурително брокерски работи

При вршењето осигурително брокерски работи, осигурителните брокерски друштва се должни:

1) да обезбедат разбирање на типот и спецификите на нивниот клиент и степенот на негово познавање на ризиците и осигурувањето како и неговите потреби;
2) пред склучувањето на договорот за осигурување, при изменување и дополнување како и при обновување на договорот за осигурување, на договарачот на осигурувањето навремено да му ги достават сите информации предвидени согласно членот 50 од Законот за супервизија на осигурување;
3) од клиентот да ги побараат, идентификуваат и обезбедат сите потреби информации и податоци во однос на ризиците со кои се соочува клиентот и истите да ги доставaт до друштвата за осигурување пред склучување на договорот за осигурување;
4) пред склучувањето на договорот за осигурување, врз основа на информациите добиени од клиентот и утврдените ризиците, барања и потреби на клиентот, да изготват **анализа** на

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

ризикот и на можните понудени покритија од друштвата за осигурување и врз основа на оваа анализа да му **предложат** на клиентот соодветно осигурително покритие преку случување на соодветен договор за осигурување со друштво за осигурување со образложение зошто тој производ најдобро би ги задоволил барањата и потребите на клиентот. Анализата на можните понудени покритија треба да се базира на податоци за услови и тарифи на осигурување од разумен број на друштва за осигурување кои нудат потребно осигурително покритие;

5) да му укажуваат помош на клиентот/осигуреник во текот на важењето на договорот за осигурување за кој брокерот посредувал а особено да обезбедат дека осигуреникот ги презел сите правни дејствија во предвидените рокови кои се предуслов за стекнување и уживање на правата кои произлегуваат од договорот за осигурување;
6) да обезбедат политиките на плаќање и наградување на нивните вработени – осигурителни брокери да не се базираат на мотивирање и наградување кое не ги зема предвид најдобрите интереси на клиентот.

Информирањето на клиентот согласно точката III.2 како и анализата и предлогот на брокерот согласно точката III.4 треба да биде на **стандардизиран документ, на хартија или друг постојан медиум, на кој задолжително клиентот со свој потпис или на друг начин (електронска потврда) ќе потврди дека во целост е запознаен со презентираните податоци од страна на брокерот.** Ваквиот документ треба да биде краток и напишан на јасен и разбирлив начин, да биде точен и да не доведува во заблуда како и да содржи изјава на клиентот за негово разбирање на презентираните податоци од страна на брокерот. **Предлогот на брокерот за избор на соодветно осигурително покритие и друштво за осигурување треба посебно да биде наведен и истакнат.**

**Сите документи и изјави кои брокерот ги бара и добива од клиентот задолжително се документираат и чуваат во осигурително брокерското друштво.**

IV. Покрај горенаведеното, напоменуваме дека за спротивни на закон се сметаат деловни пракитики каде:

1. Осигурително брокерското друштво/брокерот ја презема улогата на договарач на осигурувањето при што тој презема правни дејствија во име и за сметка на клиентот како што се (1) склучување на договор за осигурување, (2) раскинување договорот за осигурување (3) плаќање премија за осигурување или (4) наплата на надоместок од осигурување а кои овластувања дадени на посредникот брокер излегуваат надвор од општите начела на договорите за посредување предвидени во Законот за супервизија на осигурување и Законот за облигационите односи;

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

2. Осигурително брокерското друштво/брокерот го презема кредитниот ризик односно ризикот од доцнење или неможност на наплата на премијата за осигурување. Условите и начинот на плаќање на премијата од страна на договарачот на осигурување (во целост пред склучување на договор за осигурување, на рати и сл) и можноста премијата за осигурување да се плати на посебна сметка на осигурително брокерското друштво или директно на сметка на друштвото за осигурување, ги утврдува исклучиво друштвото за осигурување (во договорот склучен со осигурително брокерското друштво).

**ИСКЛУЧОЦИ:**

Деловните практики наведени во овој циркуларен допис се сметаат за задолжителни во однос на вршењето работи на посредување во сите класи на осигурување.

Исклучок е класата на осигурување од автомобилска одговорност, каде поради регулираните услови за осигурување и тарифа на премии, **не е задолжително:**

1. **добивање на писмено овластување од клиентот за вршење работи на посредување во осигурување** (согласно точка I.1 од овој циркуларен допис) и
2. **изготвување на анализа на ризик и можни понудени покритија** од друштвата за осигурување и **доставување на предлог до клиентот** за соодветно осигурително покритие и случување на соодветен договор за осигурување (согласно точка III.4 од овој циркуларен допис).

**ЗАДОЛЖУВАЊЕ:**

Се задолжуваат осигурително брокерските друштва кои во своето работење не ги применуваат горенаведените практики во целост да се усогласат со истите најдоцна до 31.1.2025 година и за истото да ја известат Агенцијата за супервизија на осигурување со доставување на документи и докази за извршеното усогласување.

Дополнително, се задолжуваат сите осигурително брокерските друштва до Агенцијата да доставаат примерок од документот за информирање на клиентите согласно точки I.2, III.2 и III.5 најдоцна до 31.1.2025 година.

Постапувањето спротивно на одредбите наведени во ова укажување ќе се смета за постапување спротивно на Законот за супервизија на осигурување и добрите деловни обичаи и правила на дејноста што за последица ќе има преземање на мерки во согласност со закон.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти**
**Крсте Шајноски**